Врз основа на член 170,171 и член 260 од Законот за трговските друштва (Службен весник на РМ бр. 28/04) Ристе Љуботенски од Штип и Втулкин Михаилович Владислав од Москва Русија, содружници на Друштвото за трговија производствои услуги **ИМАКО** ДОО увоз - извоз, од Штип, на 18.11.2004 год. го склучија следниот

# *Д О Г О В О Р*
### *за основање на ДОО*

Бр.

ШТИП

*ЦЕЛИ НА ДОГОВОРОТ*

член 1

Врз основа на добра деловна соработка и пројавениот интерес, договорните страни (во понатамошниот текст - содружници) се согласни да го склучат овој договор заради остварување на следните цели:

- зголемување на производството
- унапредување на трговскиот промет
- освојување на повеќе пазари и
- остварување на поголеми финансиски резултати

*ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ*

член 2

Заради остварување на целите од овој договор содружниците се согласни со овој договор заеднички да основаат трговско друштво со седиште во Штип.

*СОДРУЖНИЦИ ВО ДРУШТВОТО*

член 3

1. Љуботенски Ристе од Штип со стан на ул.Ванчо Прќе бр., со лична карта бр. 126673 издадена од УВР Штип И ЕМБГ- 3003955490002 и

2.Втулки Михаилович Владислав, Москва-Руска Федерација,ул.Мичурински проспект бр.11 корпус 2 стан 129 ,Пасош -Серија 50 Бр.2226998-Русија.

*ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО*

член 4

1. Друштвото ќе работи под полн и скратен назив на фирмата.

Полниот назив гласи:

Друштвото за трговија производство и услуги **ИМАКО** ДОО увоз - извоз, Штип.

Скратениот назив е: **ИМАКО** ДОО Штип

Во надворешниот трговски промет, друштвото ќе го користи и латиничниот назив, кој гласи:

**IMAKO LTD**, Stip

2. Седиштето на друштвото е во Штип на ул.Михаило Апостолски бр.34/5.

Чл.5

01. Земјоделство, лов и соодветни услужни активности
15 Производство напрехранбени производи и пијалоци
20 Преработка на дрво, производи од плута и дрво, освен мебел,
51 Трговија на големо и посредничка трговија освен трговија со моторни возила

01.1 -Одгледување посеви И насади,производство на семе И садден матерјал од земјоделски растенија
01.4 -Земјоделски услуги И услуги во одгледувањето животни освен ветеринарни услуги (01.41/1 и 01.41/2)освен
02.0 -Одгледување на шуми,користење на шуми И соодветни услужни активности
15.9 -Производство на пијалоци
20.4 -Производство на дрвена амбалажа
22.1 -Издавачка дејност
22.2 -Печатење И услужни активности во врска со печатење
50.5 -Продажба на мало на моторни горива
51.1 -Трговија на големо со надомест или договорна страна
51.2 -Трговија на големо со земјоделски суровини и живи животни
51.3 -Трговија на големо со храна,пијалоци и тутун
51.4 -Трговија на големо со предмети за домакинство (освен 51.46)
51.5 -Трговија на големо со репродукционен матерјал,отпадоци и остатоци,освен земјоделски (освен 51.55)
51.6 -Трговија на големо со машини ,опрема и уреди
51.7 -Друга трговија на големо
52.1 -трговија на мало во неспецијализирани продавници
52.2 -Трговија на мало со храна ,пијалоци И тутун во специјализирани продавници
52.3 -Трговија на мало со козметички И тоалетни препарати(освен 52.31 и 52.32)
52.4 -Друга трговија на мало со нови производи во специјализирани продавници
52.5 -Трговија на мало со половна стока во продавници
52.5 -Трговија на мало вон продавници
55.3 -Угостителски објекти за исхрана
60.2 -друг копнен сообраќај

52 Трговија на мало освен трговија со моторни возила и моторцикли поправка на предмети за лична употреба и за домакинствата
60 - Копнен сообраќај цевоводен транспорт

*НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА*

- Надворешна трговија со прехрамбени производи;
- Надворешна трговија со напрехрамбени производи;
-превоз на стоки во меѓународниот друмски сообраќај
-Меѓународна шпедиција
-Посредување во меѓународниот промет ;
-Застапување И претставување на странски лица
-Малограничен промет со соседните земји

*ЦЕЛ НА ПОСТОЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО*

член 6

Целта на постоењето на друштвото е остварување на добивка, која ќе се утврдува согласно со македонските прописи за финансиско и сметководствено работење за што се водат деловни книги.

## *ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДРУШТВОТО*

член 7

Друштвото се оснива на неодредено време.

## *ОСНОВНА ГЛАВНИЦА НА ДРУШТВОТО*

член 8

Основната главница на Друштвото изнесува 5.100,00 EUR, односно во денарска противредност изнесува 312.400,00 денари по средниот курсот на Народна Банка на Република Македонија на денот на склучувањето на договорот.

Содружниците учествуваат, со соодност 51 : 49% на нивниот основачки влог во вкупната основна главнина на друштво, односно:

1. Содружникот Љуботенски Ристе, во друштвото учествува со 51% во вкупниот основачки влог, односно износ од 2.600,00 EUR или денарска противвредност од 159.380,00 ден. според средниот курс на НБ РМ на денот на склучување на овој договор.

2. Содружникот Втулкин Михаилович Владислав, во друштвото учествува со 49 % во вкупниот основачки влог, односно износ од 2.500,00 EUR или денарска противвредност од 153.250,00 ден. според средниот курс на НБ РМ на денот на склучување на овој договор.

Основачкиот влог, содружниците, во целост го вложуваат во пари, кои ке бидат уплатен веднаш по случувњето на договорот.

## *ПРАВА НА СОДРУЖНИЦИТЕ ВО ДРУШТВОТО*

член 9

Секој содружник има право:

- трајно да ги вложи средствата во друштвото
- право да учествува во управувањето со друштвото
- учествува во распределбата на добивката
- да биде известуван за работењето на друштвото
-да ги разгледува списите и книгите на друштвото како и на право на дел од ликвидационата и стечајната маса.

*НАЧИН И МЕРИЛА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА И ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА*

член 10

Содружниците имаат право на добивката од работењето на Друштвото и истата ќе се исплатува по истекот на тековната година, а во склад со позитивните законски прописи на домашната држава, додека авансирањето на дел од добивката ќе се пресметува секои три (3) месеци, а сето тоа по намирувањето на сите трошоци кои произлегуваат од тековното работење на Друштвото.

Трансферот на добивката во странство може да се изврши на начин предвиден со позитивните прописи на домицилната држава.

Добивката содружници ќе ја делат, сразмерно на висината на основачкиот влог,51%/49%.

Содружниците се согласни добивката да ја реинвестираат во Друштвото или да вршат исплата на добивката по претходна согласност на сите содружници.

*НАСТАПУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО ВО ПРАВНИОТ ПРОМЕТ*

член 11

Во правниот промет со трети лица друштвото настапува во свое име и за своја сметка.

За своите обврски, во правниот промет со трети лица одговара со целиот свој имот.

*УПРАВУВАЊЕ СО ДРУШТВОТО*

член 12

Органи на управување на Друштвото се:
1. Собир на содружници
2. Управител.

*СОСТАВ НА СОБИРОТ НА СОДРУЖНИЦИТЕ*

член 13

Собирот на содружниците го сочинуваат:
1. Љуботенски Ристе од Штип И
2. Втулкин Михаилович Владислав од Москва.

*НАДЛЕЖНОСТ НА СОБИРОТ НА СОДРУЖНИЦИТЕ*

член 14

Собирот на содружниците ги имаат следните надлежности:

- разгледува и усвојува завршна сметка и годишниот извештај и одлучува за распределба на добивката и покривање на загубите;
- го именува и разрешува управителот;
- ја утврдува неговата награда и го врши правотот на работодавач спрема него;
- донесува одлуки за враќање на дополнителни уплати;
- донесува одлуки за вршење на контрола на друштвото и именува контролори;
- покренува барање за надомест на штета што ја има друштвото од штетата што настанала во врска со неговото основање и управување спрема управителот, контролорите одлучува за именување на застапник ако друштвото не може да го застапува управителот;
- одобрува склучување договори на набавка на опремата за сопствени потреби и недвижни предмети;
- одобрува склучување на договори кои друштвото ги склучува со свој содружник, управител;
- врши и други работи предвидени со закон.

*ОДГОВОРНОСТ НА СОДРУЖНИЦИТЕ ЗА ДОНЕСЕНИТЕ ОДЛУКИ*

член 15

Содружниците на Друштвото ако донесат одлука за која знаеле или за која со совесност што од нив се очекува морале да знаат дека очигледно ги повредува интересите на Друштвото одговараат неограночено и солидарно за настанатата штета.

*СВИКУВАЊЕ НА СОБИР НА СОДРУЖНИЦИТЕ*

член 16

Собирот на содружниците се свикува со писмена покана што се доставува до секој содружник најмалку 30 дена пред одржувањето на собирот .

Во поканата се наведува дневниот ред.

Содружниците можат да одлучуваат без собир на начин што предлог одлуката се соопштува на содружниците во писменс форма по која секој содружникот е должен да се произнесе во рок од 5 (пет) дена по приемот. Ако содружникот во рок од 5 (пет) дена не се произнесе, се смета дека гласал против предлогот.

## *НАДЛЕЖНОСТ НА СОБИРОТ НА СОДРУЖНИЦИТЕ*

член 14

Собирот на содружниците ги имаат следните надлежности:

- разгледува и усвојува завршна сметка и годишниот извештај и одлучува за распределба на добивката и покривање на загубите;
- го именува и разрешува управителот;
- ја утврдува неговата награда и го врши правотот на работодавач спрема него;
- донесува одлуки за враќање на дополнителни уплати;
- донесува одлуки за вршење на контрола на друштвото и именува контролори;
- покренува барање за надомест на штета што ја има друштвото од штетата што настанала во врска со неговото основање и управување спрема управителот, контролорите одлучува за именување на застапник ако друштвото не може да го застапува управителот;
- одобрува склучување договори на набавка на опремата за сопствени потреби и недвижни предмети;
- одобрува склучување на договори кои друштвото ги склучува со свој содружник, управител;
- врши и други работи предвидени со закон.

## *ОДГОВОРНОСТ НА СОДРУЖНИЦИТЕ ЗА ДОНЕСЕНИТЕ ОДЛУКИ*

член 15

Содружниците на Друштвото ако донесат одлука за која знаеле или за која со совесност што од нив се очекува морале да знаат дека очигледно ги повредува интересите на Друштвото одговараат неограночено и солидарно за настанатата штета.

## *СВИКУВАЊЕ НА СОБИР НА СОДРУЖНИЦИТЕ*

член 16

Собирот на содружниците се свикува со писмена покана што се доставува до секој содружник најмалку 30 дена пред одржувањето на собирот .

Во поканата се наведува дневниот ред.

Содружниците можат да одлучуваат без собир на начин што предлог одлуката се соопштува на содружниците во писменс форма по која секој содружникот е должен да се произнесе во рок од 5 (пет) дена по приемот. Ако содружникот во рок од 5 (пет) дена не се произнесе, се смета дека гласал против предлогот.

*ОДГОВОРНОСТ НА УПРАВИТЕЛОТ*

член 20

Управителот е одговорен лично спрема Друштвото и спрема трети лица за работењето спротивно на одредбите на Законот и другите прописи, за непочитување на договорот како и грешки кои ги направиле во управувањето со Друштвото.

*ОТПОВИКУВАЊЕ НА УПРАВИТЕЛОТ*

член 21

Управителот може да биде отповикан со писмена одлука на содружниците.

Ако за отповикувањето не е докажана вина, управителот има право на надомест на штетата.

*КОНТРОЛНИ ОВЛАСТУВАЊА НА СОДРУЖНИЦИТЕ*

член 22

Друштвото нема да образува надзорен одбор ниту пак ќе именува контролор.

Секој содружник има право лично или преку негово овластено лице да се запознае со работата на друштвото, да ги прегледува трговските книги, списите, залихите на стока, благајната на Друштвото и самиот да составува биланс.

*УСЛОВИ И НАЧИН НА ЗАСНОВАЊЕ НА РАБОТЕН ОДНОС ВО ДРУШТВОТО*

член 23

Условите и начинот на засновање на работниот однос на работниците во Друштвото ќе се регулира согласно позитивните прописи на Република Македонија, Колективниот договор и договорот за работа што ќе биде склучен со секој вработен посебно.

*ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ*

член 24

Измената на договорот на Друштвото се врши со едногласно донесена одлука на Собирот на сдружниците.

Измената на договорот односно на неговите одредби нема правно дејство се додоека не биде запишана во трговскиот регистар,

*ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО*

член 25

Друштвото престанува со:

- одлука на содружниците - односно и еден од содружниците има право да поднесе барање;
- одлука за спојување со друго друштво, односно поделба на друштвото;
- спроведување на стечај;
- одлука на регистарскиот суд;
- смрт на содружниците;
- во други случаи предвидени со закон.

Одлуката за престанок на друштвото ја днесуваат содружниците едногласно, но тоа право го има секој од содружниците и поединечно.

член 26

Содружникот има право својот дел да го отстапи на другиот содружник или трето лице, со одлука во која ќе биде утврдена цената на отстапувањето, а по претходна согласност на другите содружници.

Содружниците во друштвото имаат приоритетно право при откуп на уделите на другите содружници.

*РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ*

член 27

Содружниците се согласни настанатите спорови меѓу нив во врска со применувањето на одредбите на овој договор да ги решваат спогодбено.

Во случај на неможност споровите да се решаваат вонсудски, содружниците договорија надлежност на регистарскиот суд во Штип.

Штип 18.11.2004 година

*С О Д Р У Ж Н И Ц И*

1. *Љубошенски Рисше*

2. *Вшулкин Михаилович Владислав/*